адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје. Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bildurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ДООЕЛ Скопје

ПРОЕКТ: **ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 04, БЛОК З 04.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ**

ФАЗА: УРБАНИЗАМ (У)

ТЕХ БР: 0801-523/20

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

СКОПЈЕ, Декември 2020

Bojan Mulichkovski

Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: o=BILD URBAN dooel Skopje, c=MK, email=bildurban18@gmail.com, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2020.12.29 07:11:26 +01'00'

Содржина:

1. Општ дел

1. Регистрација
2. Лиценци и овластување на носителот на планската документација
3. Налог за работа од Општина Карпош, Сектор за урбанизам

2.Планска програма

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

Вовед 10

I Текстуален дел 11

1. Подрачје на планскиот опфат 12

2. Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот 13

3. Општи и посебни цели на планирањето и програмските содржини што треба да бидат предмет на планирањето. 15

1.1 Општи цели 15

1.2 Посебни цели 15

1.3 Програмски содржини 16

4. Основа за изработување на деталниот урбанистички план 17

5. Важечка планска документација 17

II Графички дел 18

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022 ..... М = 1:10000
2. Извод од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04 ..... М = 1:5000
3. Ситуација со пошироко опкружување ..... М = 1:10000
4. Сателитска снимка ..... М = 1:2500
5. Ажурирана геодетска подлога ..... М = 1:1000

МЕСТО:	ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ
ДОНЕСУВАЧ НА ПЛАНОТ:	ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ
ПРЕДМЕТ:	ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ 3 04, БЛОК 3 04.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
ИЗРАБОТКА	„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ СКОПЈЕ Булевар „Илинден“ 107/17 Карпош, Скопје тел/факс 02 3083575
РАБОТЕН ТИМ:	Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр.0.0070 -планер потписник м-р Тонка Ромева, д.и.а. овластување бр.0.0447 -планер
УПРАВИТЕЛ:	Бојан Муличковски
ФАЗА:	ПЛАНСКА ПРОГРАМА
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	0801-523/20
ИЗРАБОТЕНО:	Декември, 2020

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150120200039655

Датум и време: 19.11.2020 г. 09:10:50

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7023499
Целосен назив:	Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Кратко име:	БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Седиште:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	10.3.2015 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4057015528431
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - дооел
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00
Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупно основна главнина MKD:	307.500,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00

Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупен влог MKD:	307.500,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

Име и презиме:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Овластувања:	ССС - Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	bildurban@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: _____

Овластено лице: _____

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 16 СТАВ 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БР.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 199/14)
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗДАВА

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БРОЈ 0090

НА

Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

ул.Булевар Илинден бр.107/17 Скопје-Карпош, ЕМБС 7023499

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО: 29.07.2022 год.
ИЗДАДЕНО НА: 29.07.2015 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје. Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bildurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ДООЕЛ Скопје

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20), а во врска со изработка на планска програма за изработка на **Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.04, Општина Карпош, Скопје,** БИЛД УРБАН д.о.о.е.л од Скопје го издава следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на планска програма за изработка на **Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.04, Општина Карпош, Скопје**, со технички број 0801-523/20, како планери се назначуваат:

- Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр.0.0070-планер потписник
- м-р Тонка Ромева, д.и.а. овластување бр.0.0447-планер

Планерите се должни планската програма да ја изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0070**

Издадено на: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ТОНКА РОМЕВА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0447**

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

Број: 11-5158/1
Датум: 02.09.2020
Скопје

ДО Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН дооел Скопје

ПРЕДМЕТ: НАЛОГ ЗА РАБОТА

Почитувани,

Во согласност со договорот за јавна набавка на услуги, заведен под број 03-5356/15 од 23.08.2019 година во Општина Карпош (Договорен орган) и број 0306/456/19 од 24.09.2019 година во Друштво за трговија и услуги Билд Урбан дооел - Скопје (Носител на набавката), му се издава овој налог за изработка на ДУП 304 блок 4 со површина 4,967 ха.

Деталниот Урбанистички План да биде изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/20).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

Изготвил:
Горадана Силјаноска, диа

Раководител на одделение
Владимир Кироски, диа

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk

ПЛАНСКА ПРОГРАМА
ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 04, БЛОК З 04.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

Вовед

Планската програма е изработена согласно Член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), а се однесува за изработка на **Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје**. Планската програма ја изработува овластено правно лице, согласно одредбите од Член 70, пропишани во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20).

Во согласност со законските одредби, БИЛД УРБАН д.о.о.е.л. Скопје пристапи кон изработка на **Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје**.

Планската програма треба да овозможи изработка **Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје**, со која ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамките на опфатот.

Планската програма се изработува врз база на издадениот Налог за работа, од страна на Општина Карпош, Сектор за урбанизам со арх.бр. 11-5158/1 од 02.09.2020 година.

Планскиот период на детален урбанистички план се предвидува да го опфати периодот од 2020 до 2025 година.

I Текстуален дел

1. Подрачје на планскиот опфат

Просторот дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.04, Општина Карпош, Скопје**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Карпош, Скопје.

Локалитетот преставува дел од изградена структура и се наоѓа на ≈ 3,0 км од централното градско јадро (Малиот ринг) во правец на северозапад.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блок 3 04.04, како што е одредена со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04. Истата се движи како што следи:

- на север границата започнува од најисточната точка 1 и се движи во западен правец по оска на сервисна улица „С1“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04), сè до точка 2;
- на запад границата започнува од најсеверната точка 2 и се движи во јужен правец по оска на сервисна улица „С3“ (планиран профил на сервисна улица по Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04), сè до најзападната точка 3;
- на југ границата започнува од најзападната точка 3 и се движи во источен правец по оска на градска магистрала Бул. „Илинден“ (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022),сè до најјужната точка 4;
- на исток границата започнува од најјужната точка 4 и се движи во северен правец по оска на градска магистрала Бул. „8-ми Септември“ (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022),сè до најисточна точка 1;

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 4, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

Геометриски елемент	Реден број	Y	X	
Правци	1	7534096,438	4651695,844	Најисточна
	2	7533802,157	4651715,651	Најсеверна
	3	7533787,403	4651543,120	Најзападна
	4	7534065,806	4651524,485	Најјужна

Најисточна е точката број 1, со координати Y = 7534096,438 и X = 4651695,844.

Најсеверна е точката број 2, со координати Y = 7533802,157 и X = 4651715,651.

Најзападна е точката број 3, со координати Y = 7533787,403 и X = 4651543,120.

Најјужна е точката број 4, со координати Y = 7534065,806 и X = 4651524,485.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **4,967 ha**, односно **49671,273m².**

Периметарот на планскиот опфат изнесува **921,209 m’**.

Површината на блок 3 04.04 во рамки на регулациската линија како што е дефинирана со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, изнесува **3,61 ha**.

Површината на уличната мрежа од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, во рамките на планскиот опфат изнесува **1,357ha**.

Границите на планскиот опфат се следните:
Од Север: по оска на новопланираната сервисни улици „С1“;
Од Запад: по оска на новопланираната сервисна улица „С3“;
Од Југ: по оска на градска магистрала Бул. „Илинден“;
Од Исток: по оска на градска магистрала Бул. „8-ми Септември“.

2. Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот

Организацијата на просторот во рамките на предметниот **Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.04, Општина Карпош, Скопје**, е во насока на усогласување со планските одредби на ГУП на Град Скопје 2012-2022 и Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за четврт 3 04, како и издадениот Налог за работа, од страна на Општина Карпош, Сектор за урбанизам, со арх.бр. 11-5158/1 од 02.09.2020 година, сè со цел задоволување на потребите на крајните корисници на просторот.

Специфичните потреби во рамки на опфатот кои треба да се задоволат со овој детален урабнистички план се:

- усогласување со планските одредби на ГУП на Град Скопје 2012-2022 и Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, со планирање на градежни парцели и површини за градење со урбанистички параметри во склад со зададеното со ГУП-от и Регулацискиот план;
- создавање на нова конфигурација на градежни парцели што со својата големина и форма ќе можат да обезбедат изградба на градски блок од највисок метрополитенски стандард;
- обезбедување на рационално искористување на просторот со концетрирање на комерцијални намени долж булеварот „Илинден“ и со поместување на домувањето во единици на соседство отворени кон север и зоната на парковското зеленило;
- комбинирање на блоковско домување со пониска спратност со високи станбени кули поради поголема компакност на изградените површини и помал процент на изграденост на целиот блок;
- обезбедување на доволна површина во средината од секоја единица на соседство со неизградена земја на која ќе може да се подигне зелена инфраструктура од парковско-шумски тип;
- планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот и
- задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро.

Можностите за просторен развој во рамки на опфатот се движат во рамки на

создадавање на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

Урбанистички план претставува основен развоен документ и има крајна цел преку,

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- оформување препознатлива амбиентална целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување културен пејзаж,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните
- лица,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко Планска и Проектна документација од пониско ниво, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), како и да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

При планирање на сообраќајната инфраструктура потребно е да се почитува планираната улична мрежа со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт 3 04, и на истата да се надоврзе секундарна улична мрежа со која ќе се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот во рамките на планскиот опфат и сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели. Обврската да се реализа пристап до секоја градежна парцела да е во корелација со принципот на интерполација, а во контекст на урбанистичките стандарди, со цел да се постигне најрационално решение.

Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на градежните парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот зафат.

Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), согласно со планираните параметри за водоводната и канализациската мрежа. За снабдување

со електрична енергија ќе се користат постојните трафостаници и ќе се предвидат и локации за нови трафостаници доколку има потреба.

При изработување на **Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје**, да бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

3. Општи и посебни цели на планирањето и програмските содржини што треба да бидат предмет на планирањето.

1.1 Општи цели

Основна цел на изработувањето и донесувањето на **Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје** е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 и Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04, како и Налогот за работа, издаден од Општина Карпош, Сектор за урбанизам.

Со изработка на деталниот урбанистички план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на планската програма.

Цел на деталниот урбанистички план е и дефинирање на рационална сообраќајната (секундарна) инфраструктура-улична мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште, формирани во рамките на планскиот опфат.

Важна цел на планот е и создавањето на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадни води, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

1.2 Посебни цели

Посебните цели на деталниот урбанистички план произлегуваат од потребата предметниот блок да обезбеди концептуални урбанистички претпоставки за метрополитенско домување комбинирано со линиски комерцијални и деловни функции од највисок стандард:

- одржливоста на планираните структури треба да се обезбеди со принципите на компактниот град, што подразбираат помал процент на изграденост што ќе се постигнува со повисоки градби со помало зафаќање на земјиштето под објект,
- високиот еколошки стандард на планираниот блок треба да обезбеди физичко и просторно продирање на зелените инфраструктури од градскиот парк длабоко во средиштата на сите единици на соседство,
- планските одредби треба да овозможат висока флексибилност во реализацијата на планот со употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на метрополитенска диверзификација на намените, и

- доколку е потребно, а за остварување на флексибилноста и физибилноста на деталниот урбанистички план, обезбедување на детална регулација и парцелација на просторот што ќе го употребува инструментот на рамковни површини за градење и заштитни максимални урбанистички параметри, додека деталното планирање на внатрешните простори на градежните парцели – заедно со идејните проекти за градбите – ќе се уреди со урбанистички проект.

1.3 Програмски содржини

Во дел од планскиот опфат ќе се применат одредбите на Член 37 од Општите и посебните услови за просторен развој од Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022, односно во длабочина од 25m од регулациската линија на примарната сообраќајница – градска магистрала бул. „Илинден“, ќе се планира линиски центар со градежни парцели со основна класа на намена која припаѓа на групите на класи на намени А, Б или В, кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели за четвртта и блокот зададени со плановите од повисоко ниво.

Согласно овие параметри зададени со горенаведените важечки планови од повисоко ниво, со Детален урбанистички план за Градска четврт 3 04, Блок 3 04.04, Општина Карпош, Скопје, потребно е да се планираат наменски зони и градежни парцели со основни класи на намена кои припаѓаат на следниве групи на класи на намена:

А – Домување
А2 –Домување во згради

Б – Комерцијални и деловни намени
Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради

Д - Зеленило и рекреација
Д1 - Парковско и пејсажно зеленило
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило

Е – Инфраструктура
Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Со зададените „Урбанистички параметри и посебни услови за градење и режем на користење на земјиштето и градбите за блоковите во четврт 304“, во табеларен приказ подробно се опишани процентуалните учества на поединечните намени за блок 3 04.04.

4. Основа за изработување на деталниот урбанистички план

Основа на изработка на **Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје** се параметрите зададени со изработените урбанистички планови од повисоко ниво: ГУП на Град Скопје, плански период 2012-2022 год. и Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04.

Изработувањето и донесувањето на деталниот урбанистички план да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

5. Важечка планска документација

Просторот на планскиот опфат на **Детален урбанистички план за Градска четврт З 04, Блок З 04.04, Општина Карпош, Скопје** е опфатен со следната важечка планска документација:

- ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 г.),
- Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04 (Одлука бр.27-974/1 од 29.01.2020 г.)

Составил:

Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр.0.0070

-планер потписник

м-р Тонка Ромева, д.и.а. овластување бр.0.0447

-планер

II Графички дел

Содржина:

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022.....М = 1:10000
2. Извод од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 04.....М = 1:5000
3. Ситуација со пошироко опкружување.....М = 1:10000
4. Сателитска снимка.....М = 1:2500
5. Ажурирана геодетска подлога.....М = 1:1000

1. Извод од ГУП на Град Скопје 2012 – 2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА Град Скопје
(грб и име на надлежна општина)

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 14-1/2020
(број на извод)

Број: 13-5 **од:** 04.02.2020
(архивски број) (датум)

ГУП: ГУП на Град Скопје (2012-2022 год.)
(наслов на план и плански период)

Сектор за планирање и уредување на простор
(име на надлежен сектор во општината)

Одлука бр: 07-5068/1 **од:** 03.12.2012
(број и дата на Одлука со која е донесен планот)

М 1 : 5000
(Размер)

ИЗВОДОТ ЗА: Градска четврт З 04, Скопје
(блок/четврт/урбана единица/катастарска парцела во катастарска општина/улица-сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. Графички дел:

- Заверена копија од план на намена на површините - наменски зони во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од сообраќаен и нивелациски план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од план на инфраструктура во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со легенда;
- Заверена копија од сообраќаен план со типови на раскрсници, со легенда;
- Заверена копија од посебни услови по четврт – нумерички показатели (табеларен преглед);

2. Текстуален дел:

- Заверена копија од општите и посебните услови за просторен развој, параметри за спроведување на планот, плански и услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и на животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл:

НАПОМЕНА:

- При изработка на плановите од пониско ниво ниво да се почитуваат регулациските линии кои ги оформуваат сообраќајните коридори.
- Со проектот за инфраструктура за сообраќајните коридори кој ќе се изработи врз основа на Генералниот урбанистички план или врз основа на плановите од пониско ниво, ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (со број и широчина на сообраќајните ленти, тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

М.П.

Раководител на сектор
Никола Гаџовски

ГРАД СКОПЈЕ

ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СКОПЈЕ

ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2012 - 2022

ДЕКЕМВРИ 2012

10. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Основа за изработка општи и посебни услови за просторен развој е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на Р.М. број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на Р.М. број 63/12, 126/12), Планската програма, како и специфичноста на планскиот концепт во рељефни услови и планските барања.

10.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Генералниот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштетои градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички, нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.
3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторнофизички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.
4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Генералниот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови , нивното читање, толкување и правно дејство.
3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на териториите на поединечните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со кои ќе се спроведува Генералниот урбанистички план.

Член 3

Во графичкиот дел од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се презентирани формираните граници на единици на градежно земјиште за спроведување на Генералниот урбанистички план. Границата на детално планирање е граница на четврт.

Член 4

1) Посебните услови за спроведување на планот се плански услови кои имаат императивно правно дејство, распоредени се според планерските просторни единици утврдени во Генералниот урбанистички план и се однесуваат за секоја единица на градежно земјиште посебно.
2) Посебните услови за спроведување на планот претставуваат инструмент за просторна дистрибуција на планските услови од Генералниот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.
3) Графичките делови од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се изработени во размер 1 : 5 000.

Член 5

1) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на просторот за секоја урбана четврт, а за секој плански опфат на деталните урбанистички планови се дадени границите.

2) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните плански услови кои ги дефинираат посебните услови за планирање, развој и користење на просторот како што се:

- граници на урбаните четврти и граници на плански опфат на деталните урбанистички планови,
- граници на зони за наменска употреба на земјиштето,
- наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со системот на класи на намени,
- локации за сингуларни намени за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес како и обврзни површини од јавен интерес прикажани со пиктограми,
- регулациски линии на примарната сообраќајна мрежа,
- површини за јавна употреба од значење за Градот,
- елементи за просторно разместување и димензионирање на водовите и градбите од примарните мрежи на сите градски инфраструктури: водоводни, канализациски, електрични, топловодни, гасоводни, поштенски, телефонски, телекомуникациски и др.

3) Во текстуалниот и нумеричкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинираат:

- површините на урбанистичките единици на градежно земјиште-четврт,
- површините на наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со процентуална застапеност, односно површината на наменската зона изразена во хектари,
- степенот на уреденост на градежното земјиште на подрачјето и капацитетот и режимот на понатамошното уредување,
- специфичниот режим на планирање, градење и употреба на земјиштето во зоните за наменска употреба на земјиштето,
- вредности на урбанистичките параметри: густина на населеност, процент на изграденост, коефициент на искористеност и други, како и конкретни мерки за заштита на природните и културно-историските споменици,
- Инфраструктурни потреби за секоја четврт.

Граница на планскиот опфат

Член 6

1) Граница на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е линиски симбол во графичкиот дел на планот со кој се уредува подрачјето на кое урбанистичкиот план е на сила.

2) Граница на планскиот опфат е затворена линија што го опкружува подрачјето на кое се протега правното дејство на Генералниот урбанистичкиот план.

3) Подрачјето на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план кое е опкружено со границата на планскиот опфат се здобива со статус на градежно земјиште, чијашто намена и начин на уредување, градење и користење се утврдени со урбанистичкиот план.

Член 7

1) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е рационална, економична, правилна линија на опкружување со колку што е можно помала должина.

2) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија што се совпаѓа или ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др).

3) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија која нема да ја намалува вредноста на земјиштето што го дели или да ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Член 8

1) Политика на утврдување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје е создавањето на модел на компактен град во кој и просторните подсистеми се со компактни форми и претставуваат фундамент на одржливиот урбан развој гледан низ призмата на еколошкиот, економскиот, социјалниот и културниот развој.
2) Компактниот град подразбира развој, создавање, организирање и манифестирање на структура со единствен урбан метаболизам кои ќе биде, социолошки прифатлив, економски оправдан и технички одржлив.

Член 9

1) Кога со границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје се врши проширување на планскиот опфат, тоа е во случаи кои можат да се сметаат за неизбежни и нужни правци на просторниот развој и овие проширувања се темелат врз следниве принципи:
- зачувување на значајните природни целини, квалитетното аграрно земјиште и земјиштето кое ќе овозможи поврзување на градското и вонградското зеленило во континуиран систем на зелени површини;
- ангажирање на површини за територијално ширење кои генерираат најниски трошоци за развој;
- ангажирање на површини за територијално ширење кои ќе овозможат нивно поврзување во единствена целина со постојниот градски простор и користење на компаративните предности кои таквото поврзување ги овозможува;
- рационална просторна организација на основните дејности и активности, со обезбедување на висок степен на уреденост на градскиот простор и на квалитетот на живот;
- обезбедување на рационален и ефикасен систем на проширување на сообраќајната мрежа и сообраќајно поврзување со системите на јавен транспорт;
- обезбедување на рационален и ефикасен систем на проширување на водовите на комуналната инфраструктура кој ќе овозможи соодветен квалитет во снабдувањето.

Член 10

1) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје е плански услов кој се уредува во Генералниот урбанистички план на Град Скопје на графички и текстуален начин.
2) Графичкото обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е испрекината црвена линија со дебелина од 2мм.
3) Електронското обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е со нумеричко одредување според геодетските оски x и y, на сите прекршни точки на математичката линија на границата.
4) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Скопје е предадена и на текстуален начин со ориентационен опис на нејзината траекторија според виканите места, називите на сообраќајниците, бројот на градежните парцели во прекршните точки без викано име и страните на светот.

Член 11

Правното дејство на границата на планскиот опфат стапува на сила со донесувањето на Генералниот урбанистички план.

Граници на единиците на градежно земјиште

Член 12

1) Во Генералниот урбанистички план се одредени границите на територијалните единици за планирање, и тоа: - граници на подрачјата на урбаните четврти

Член 13

1) Границите на урбана четврт по правило се совпаѓаат со регулациските линии од примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат и со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени.

2) Граници на планските опфати на деталните урбанистички планови се совпаѓаат со осовините на примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др).
3) Граница на плански опфат на детален урбанистички план во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

Член 14

1) Границите на урбаните четврти во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се предаваат со нумеричко одредување на сите прекршни точки на математичката линија на границата според геодетските оски x и y значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

Регулациска линија

Член 15

1) Регулациска линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
2) Регулациската линија претставува линија на разграничување помеѓу носителите на правото на градење, при што кај земјиштето за општа употреба правото за градење секогаш и припаѓа на општествената заедница (општина, град, држава), додека кај парцелираното земјиште правото за градење можат да го имаат сите физички и правни лица од републиката и од странство кои ќе ги исполнат законските услови за тоа.

Член 16

1) Регулациската линија во Генералниот урбанистички план е дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. По вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега правната дефиниција на разграничувањето, и тоа над и под котата на теренот колку што е одредено со планот.
2) Со регулациската линија во Генералниот урбанистички план се обележани коридорите на примарната сообраќајна мрежа на улици и
површини за јавна употреба од градско значење – кејови, плоштади, плоштадки и др.
3) Регулациската линија во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план е обележана со полна зелена линија со дебелина од 1,0 мм.
4) Регулациските линии во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план се предаваат во електронска форма векторски одредени, со нумеричко одредување на сите прекршни точки на регулациската линија според геодетските оски x и y , значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

Наменски зони и граници на наменските зони

Член 17

1) Намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се уредува на ниво на наменска зона во рамките на секоја четврт.
2) Наменска зона е ограничена површина на градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Член 18

1) Границата на наменска зона е линија која го опкружува подрачјето на наменската зона и во Генералниот урбанистички план се обележува со полна црвена линија со дебелина од 1,0 мм.
2) Границите на наменските зони можат но не мораат да се совпаѓаат со другите граници на територијалните единици за планирање, но мораат да се совпаѓаат со регулациските линии во Генералниот урбанистички план.

Член 19

Уредувањето на намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се врши со системот на класи на намени според членовите 25 - 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, Службен весник на Република Македонија бр.63/12, 126/12).

Член 20

1) Во формирањето на четвртите како единици на градежно земјиште, системот на класи на намени се употребува на следните начини:

1. Кога една намена или класа на намени е единствената и исклучива компонента во четвртта.
2. Кога една намена или класа на намени е доминантна компонента во четвртта, а другите намени се со процентуална застапеност.
3. Кога четвртта не е хомогена од аспект на истородност на намената или класата на намени, туку се формира од повеќе различни намени, класи на намени или групи на класи на намени. Овие четврти се со мешана намена на земјиштето и се формираат со хомогенизација врз основа на начинот на мешање на повеќе компатибилни намени на ист простор - што станува основна карактеристика и именител на зоната на мешана намена.
4. Кога различни намени, класи на намени или групи на класи на намени се утврдени во посебни наменски зони во четвртта.Во плансклата документација од пониско ниво, некомпатибилните намени обврзно да се издвојат со тампон зони.

2) Означувањето на наменските зони во Генералниот урбанистички план овозможува нивно недвосмислено спроведување, па во графичките прилози План на намена на земјиштето, Синтезен план и Посебните услови за спроведување на планот, комплетната ознака на наменската зона содржи две компоненти на означување:

1. Ознаката на класата на намени,
2. Ознаката на видот на наменската зона според нејзиниот состав.

Член 21

Во Генералниот урбанистички план се предвидуваат зони со сингуларна намена или локации на градби од јавен интерес, во оние случаи кои произлегуваат првенствено од потребата да се заштити стандардот на специфични форми на домување, поради специфични технолошки барања, барања поврзани со заштитата на животната средина или кога станува збор за локации за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Член 22

Утврдувањето на степенот на превладување на една класа на намени во една наменска зона, во Генералниот урбанистички план е непосредно поврзано со карактеристиките на секоја конкретна зона односно со нејзината припадност на секаја конкретна урбанистичка единица на градежно земјиште на просторот.

Член 23

Одредувањето на наменски зони со мешани намени без превладувачка намена, како планска одредба во Генералниот урбанистички план, се користи само во случаи кога со тоа ефикасно се интензивира искористувањето на градежното земјиште како необновлив ресурс, значи во централноградски подрачја или во слични ситуации кога тоа овозможува рационално користење на градското земјиште, енергијата, инфраструктурата, како и за остварување на барањата поврзани со заштитата на животната средина.

Член 24

1) Генералниот урбанистички план го утврдува оптималното учеството на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменските зони, во рамките на процентуално учество во максимален однос од 60/40. Компатибилноста на намените се утврдува на ниво на една градежна парцела во планска документација од пониско ниво согласно правилнички нормираните минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество

2) Оценувајќи ги конкретните услови за секоја зона поединечно, во Генералниот урбанистички план се утврдува колку од списокот на можни компатибилни намени ќе бидат дозволени да коегзистираат или да се мешаат во рамките на една мешана наменска зона и колкав ке биде процентот на учество на секоја намена. Ова е специфицирано за секоја четврт поединечно, во форма на плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои се поместена во посебните услови за спроведување на планот.

Член 25

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.
2) Во Генералниот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РМ, а се одредуваат минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно во рамките на секоја четврт.
3) Генералниот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во Градот и основниот карактер на просторот.

Поделба на планскиот опфат на единици на градежно земјиште и просторна дистрибуција на планските услови

Член 26

1) Методолошки императив на урбанистичко планирање е просторната дистрибуција на планските услови на Генералниот урбанистички план да бидат според територијалните единици на градежно земјиште кои се утврдени во планот, а според кои понатаму ќе се врши еднозначно артикулирана и контролабилна реализација и спроведување на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Генералниот урбанистички план во процесот на деталното урбанистичко планирање.
2) Поделбата на урбанистичките единици на градежно земјиште се врши на графички начин во Генералниот урбанистички план.

Член 27

1) Генералниот урбанистички план ги утврдува критериумите за одредување и формирање на урбанистичките единици на градежно земјиште.
2) Клучен елемент во утврдувањето на единиците на градежно земјиште за планирање претставува нивната диспозиција, диспозицијата на примарната сообраќајна мрежа и природата и степенот на нивната намена и оформеност.

Член 28

1) Во рамките на утврдените урбанистички единици на градежно земјиште Генералниот урбанистички план треба да ги утврди:
- деловите кои имаат различен степен на уреденост на градежното земјиште како основа за дефинирање на основната природа на идните зафати,
- граничните состојби за кои се потребни специфични мерки (заштитни или стимулативни) во деталните урбанистички планови,
- општите и посебните услови за планирање, развој, градење и урбана опременост.

2) Секое урбанистичко подрачје има различен степен на оформеност, дистинктивност и програмска дефиниција, при што Генералниот урбанистички план со плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите треба да го утврди различниот степен на изграденост, наменската дефиниција на зоните и приоритетите во реализацијата на планските определби, како и степенот на деталноста на општите и посебните услови за планирање и спроведување на планот.

Член 29

1) Во Генералниот урбанистички план за Град Скопје 2012 - 22 се формираат следните единици на градежно земјиште:

- урбани четврти-плански опфати на деталните урбанистички планови

- **Претоварна станица / рециклажен двор**, со површина П=30000 м2 и стационар со површина П=20000 м2 се предвидува вкупно 1. Локацијата на претоварната станица / рециклажен двор не е утврдена, ќе ја утврди Град Скопје. согласно Законот за управување со отпад, Законот за заштита на животната средина, Стратегијата и Планот за управување со отпад на Град Скопје. Истата треба да е во согласност со чл.20, 21, 22, 23 од Правилник за минималните технички услови и условите во поглед на заштитата на животната средина кои треба да ги исполнуваат претоварните станици, условите што треба да ги исполнуваат локациите на кои се градат односно се поставуваат претоварните станици, како и роковите за чување на отпадот во претоварната станица според видовите на отпад ("Сл Весник бр.39 /2007).
- **Претоварна станица / рециклажен двор** за селективно собирање на опасни состојки на комунален отпад каде би се складирале до предавање на лиценцирани преработувачи или инсталации за отстранување на опасен отпад. Локацијата на претоварната станица / рециклажен двор не е утврдена, ќе ја утврди Град Скопје
- **Претоварна станица/депониски простор** за отпад од градење и рушење, кој во перспектива ќе биде дел од мрежата на депониски капацитети кои ќе бидат изградени на национално ниво. Локацијата на претоварната станица / рециклажен двор не е утврдена, ќе ја утврди Град Скопје.
- **Претоварна станица депониски простор** за габаритен отпад (стара хартија, картони). Локацијата на претоварната станица не е утврдена, ќе ја утврди Град Скопје.
- **Претоварна станица за специјални текови** на отпад (стари возила, отпадна електрична и електронска опрема) . Локацијата на претоварната станица не е утврдена, ќе ја утврди Град Скопје.
- **Централизирана компостара** на биоразградлив отпад од растително потекло. Локацијата на централизираната компостара не е утврдена, ќе ја утврди Град Скопје.

Член 97

Планските определби во управувањето со отпадот во планската документација од пониско ниво треба да се насочат кон справување со проблемите и постигнување на континуирани подобрувања во интегрираниот пристап кој го обезбедуваат многуте учесници во процесот: јавноста, стопантвото, надлежните органи на сите нивоа,согласно законската регулатива за системот за управување со отпадот и одстранување со депонирање.

Член 98

Во планската документација од пониско ниво обврзно да се применува Планот за управување со отпадот за Град Скопје 2010-2015г којшто го донесе Градот Скопје донесе што претставува продолжување на напорите за остварување на визијата на Град Скопје за одржлив развој поставена со стратешките документи Локален Еколошки Акционен План и Стратегија за Локален Економски Развој на Градот и на поголемиот број негови општини.

Член 99

Планот за управување со отпад треба да му овозможи на Градот Скопје преку планската документација од пониско ниво да отпочне со систематизирано спроведување на постапни подобрувања на постојниот систем за управување со отпад, како интегрирано управување со комуналниот отпад, другите видови неопасен отпад и инертниот отпад преку:

- проценка на сегашната состојба со предвидени мерки и активности кои ги санкционираат во реални граници можните неповолни идни состојби;
- акции кои овозможуваат спроведување т.е. операционализација на Планот.

Член 100

Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на своите надлежности определени со закон, имаат право и должност на своето подрачје да ги превземаат сите мерки и активности за комплетирање на системот за управување со отпадот во Градот.

Член 101

Планските определби во планскиот период треба да се фокусираат на реализацијата на мерки и активности со кои последиците од постојните состојби идентификувани пред планскиот период и можните влошени состојби во планскиот период можат да се подобрат/елиминираат преку концепт на одржлив развој на комуналните дејности – комуналната инфра и супраструктура во вкупната политика на одржлив развој, како оптимален концепт за развој на комуналните дејности - комуналната инфра и супраструктура.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОСНАБДИТЕЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 102

Планирањето на новите надземни градби во електроенергетската инфраструктура треба да биде според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 103

Изборот на точната локација за новите трафостаници од 110kV ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 104

Трасите на планираните примарни електроенергетски водови треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 105

Градбата на новите преносни и дистрибутивни мрежи (примарни водови) ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 106

Градбата и реконструкцијата на преносната и дистрибутивна мрежа треба да се изврши такашто во целост треба да се почитува: “Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV”.

Член 107

Во планската документација од пониско ниво, за градба на трафостаници од 110kV зависно од изведбата, треба да се предвидат следниве површини:
- за класична изведба 5000м^2
- за гас изолиран систем 2500м^2

Член 108

Во проектите за инфраструктура, инфраструктурните коридори за поставување на надземните и подземни електроводови, треба да бидат со следниве димензии:
- за надземни 110kV водови, коридор со широчина од 20м
- за подземни 110kV и 35kV водови коридор со широчина од 1,6м

Член 109

Предвидени се следниве коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за:
- домување 1kW/жител
- комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
- тешка и загадувачка индустрија 474kW/ha
- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта 293kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

Член 110

Во планската документација од пониско ниво, при планирање на електромрежата се дозволува каблирање на постојните преносни и дистрибутивни надземни водови.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 111

Планирањето на новите надземни градби во комуникациската инфраструктура треба да биде на според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 112

Изборот на точна локација на надземните електронски комуникациски градби (новите базни станици, простории за активна опрема, поштенски единици и др.) ќе се изврши со планска документација од пониско ниво.

Член 113

Се дозволува поставувањето на новите базни станици за мобилна телефонија да биде регулирано со планска документација од пониско ниво, при што треба да се запази позитивната законска регулатива во однос на нивното штетно влијание врз животната средина и регистрираното и евидентираното природно наследство.

Член 114

Планираните примарни електронски комуникациски мрежи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 115

Трасите на планираните електронски комуникациски водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Посебни услови за спроведување на електронско комуникациската инфраструктура

Член 116

Регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи во РМ ја има Агенција за електронски комуникации. Изградбата и реконструкцијата на електронска комуникациска мрежа е регулирана со:

- "Правилник за начинот и условите за одредување на зоната на електронска комуникациска инфраструктура и придружните инфраструктурни капацитети и средства, заштитна зона и радио коридорот како и обврските на инвеститорот".
- "Правилник за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура, придружни инфраструктурни капацитети и средства".

Член 117

Изградбата и реконструкцијата на планираната електронска комуникациска мрежа треба да биде усогласена со горенаведените усвоени правилници.

Член 118

Условите за поставување на новите електронски комуникациски мрежи во услови кога има и други построечки инфраструктурни мрежи (водовод, гасовод, топловод, електроводови и др) треба да бидат усогласени со горенаведените усвоени правилници.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТОПЛОВОДНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 119

Централниот топлификациски систем треба да го следи развојот на Градот согласно урбанистичките планови и на него треба да се поврзат сите урбани четврти каде планираната густина на градба обебзедува специфична потрошувачка поголема од 25 MW/km^2.

Член 120

Погонските градби треба да обезбедат целосен мониторинг и управување на процесот на производство на топлина и испуштање на штетни материи во воздухот во функција на одржување на еколошките параметри.

Член 121

Трасите на планираните примарни топловоди треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 122

Новите погонски градби, термоенергани и топлани, треба со својата лоцираност и функционалност да не го загрозуваат здравјето на луѓето и да не ги надминуваат дозволените параметри на загадување дефинирани со законска регулатива која ја третира соодветната проблематика.

Член 123

Пред да се утврди точната локација на нова погонска градба, задолжително треба да се изработи стратешка оценка за влијание врз животната средина.

Член 124

При изградбата на примарната топловодна мрежа, потребно е да се запазат нормите и техничките прописи за градба во урбана средина, во смисол на безбедност, сигурност во работата и функционалност.

Член 125

Цевководите по правило се сместуваат во армирано-бетонски, водо-непропусни канали кои се водат на техно-економски оправдана длабочина. Истите се димензионираат така

да овозможат лесна монтажа на цевната конструкција, а бетонскиот капак и страничните ѕидови треба да го поднесуваат надземно оптоварување од 80 KN/m^2. На места, каде што не може да се изведат овие канали, цевководите се водат надворешно.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГАСИФИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 126

Трасите на планираните примарни гасоводи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 127

Изградбата на новите примарни водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 128

Точната локација за новите гасни мерно-регулациски станици во рамките на четвртите ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 129

Приоритет за поврзување на градската гасоводна мрежа треба да се даде на оние четврти каде домаќинствата не се поврзани на централниот топлификациски систем.

Член 130

Изградбата на примарната гасоводна мрежа треба во целост да ги почитува "Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до13 бари" (Сл.весник бр.100/2009 година).

Член 131

Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:
- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- при вкрстување со други инфраструктурни водови може да се дозволи намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;
- во каменита почва не помалку од 0,5 м.

Член 132

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од најблискиот раб на цевката на гасоводот до најблискиот раб на темелот на градбата во зависност од притисокот, изнесуваат:

Притисок на гасот во гасоводот (bar)	Минимално дозволено растојание (m)
до 1,05	1,00
од 1,05 до 7	2,00
од 7 до 13	3,00

Растојанијата може да бидат и помали со преземање на поголеми заштитни мерки (поголема дебелина на ѕидот на гасоводот, материјал со поголема цврстина, поставување на гасоводот во заштитна цевка итн.).

Член 133

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од друг гасовод и друга техничка инфраструктура при вкрстување и паралелно водење изнесува:

Минимално дозволени растојанија, (м)		
	Пресекување	Паралелно водење
Гасоводи меѓусебно	0,2	0,6
Од гасовод до топловод, водовод и канализација	0,2	0,3
Од гасовод до проодни канали на топловоди	0,5	1,0

Од гасовод до електро кабли со низок и висок напон	0,3	0,6
Од гасовод до телефонски кабли	0,3	0,5
Од гасовод до цевковод на хемиска индустрија и технолошки флуиди	0,2	0,6
Од гасовод до бензиска станица	-	5,0
Од гасовод до високи зелени посеви	-	1,5

Член 134

Минимално дозволени растојанија при вкрстување и приближување на гасовод со електро - енергетски водови изнесуваат:

Номинален напон (kV)	До темелот на столбот Вкрстување (м)	Од осовината на столбот Паралелно водење (м)
од 1 до 10	5	5
од 10 до 35	10	8
поголемо од 35	10	10

Член 135

Мерно-регулациските станици по правило се сместуваат во посебно изградени згради или метални ормани на посебни темели на следните растојанија од различни градби и други структури:

Најмало хоризонтално растојание (m)				
Влезен притисок во МРС (бари)	до зграда и до други градби	до железничко-трамвајска пруга	до автопат (до работ)	до надземни електро-напонски водови за сите притисоци изнесува еден и пол пати од висината на столбот
до 7	10	10	5	
7-13	15	15	8	

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 136

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на новопредвидените содржини во четвртите, потребно е да се почитуваат услови те пропишани во Законот за животната средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр.51/11) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Член 137

Во фазата на изградба во четвртите да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршување на градежните активности во секоја четврт потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од терените, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација. По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Член 138

По завршување на градежните активности во четвртите да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

Член 139

Задолжително постапување со посебните видови отпад во четвртите согласно постојната законска регулатива:

- Правилник за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Сл.в. на РМ бр.89/06)
- Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација

на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.48/07)
- Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл.в. на РМ бр.146/07)
- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Сл.в. на РМ бр.156/07)
- Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл.в. на РМ бр.15/08)
- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.130/09)
- Исправка на Правилникот за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09) „Службен весник на Република Македонија “ бр. 142/09 од 25.11.2009 год.
- Правилник за изменување на правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, нивните
- компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата(*) „Службен весник на РМ“ бр. 164/10 од 20.12.2010 год.
- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на
- искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повторна употреба и преработка на искористените возила(*)„Службен весник на РМ“
- бр. 74/11 од 02.06.2011 год.
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за трговија со неопасен отпад „Службен весник на РМ“ бр. 129/11 од 23.09.2011 год.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО

Член 140

Во областа на заштитата на природното наследство, Генералниот урбанистички план треба да се усогласи со Просторниот план на Регионот на тој начин што врз основа на режимот на заштита предвиден со Просторниот план, обврзно се организира распоред на активности и изградба на градби за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот стопански развој и современото сфаќање на заштитата.

Член 141

При изготвување на планската документација за четврт, којашто би можела да има значајни ефекти врз природното наследство, да се изврши оцена на влијанијата врз

природното наследство како и на мерките и активностите предвидени со овој Генерален урбанистички план.

Член 142

Во четвртите на подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и влијанијата врз животната средина.

Задолжително постапување со природното наследство во четвртите и на подрачјата кои се предложени за заштита согласно:

- Законот за заштита на природата (Сл.Весник на Р.Македонија бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11 и 148/11).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Член 143

Режимот за заштита на недвижното културно наследство во Генералниот урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторските основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство, Сл.Весник на Р.М. број 20/04 и 115/07), односно дека со заштитата во планскиот опфат се дефинирани зоните според степенот на заштита

Член 144

Мерките за заштита за овој Генерален урбанистички план (ГУП) обврзно треба да се применуваат според условите наведени во заштитно-конзерваторските основи.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 145

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 05/03 и 58/06), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник .на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштита од пожари

Член 146

Со урбанистичка документација од пониско ниво за секоја четврт поединечно, обврзно да се почитуваат растојанијата на улиците до површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно како и за градбите во истите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата.

Член 147

Обврзно да се предвиди надворешна хидрантска мрежа околу четвртите, површините за градба на секоја наменска употреба на земјиштето како и градбите и комплексите на градби во истите, а нејзината поставка да е во согласност со ПП норми и стандарди.

Член 148

Водењето на другата инфраструктура обврзно треба да биде во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

Член 149

Другите елементи за противпожарна заштита обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

Заштита од воени разурнувања

Член 150

Во урбанистичката документација од пониско ниво во условите за градба обврзно да се овозможи растојание од најблиската градба до уличната мрежа минимум половина од висината на градбата (L=H/2), односно во граници кои, при разурнување на градбите овозможуваат проодност на сообраќајниците на кои се поставени.

Член 151

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, обврзно да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на урбанистичката документација од пониско ниво во делот на условите за градба, посебно за секоја градба или комплекс на градби во рамките на површините за градба за секоја наменска употреба на земјиштето поединечно.

Заштита од природни катастрофи

Член 152

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Член 153

Елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, обврзно треба да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во урбанистичката документација од пониско ниво во делот условите за градба на статиката и динамичката анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
Б.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЧЕТВРТИ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Нумеричките податоци се приложени на крајот од овој текст во вид на посебни услови, како Прилог.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СООБРАЌАЈ И ИНФРАСТРУКТУРА - СООБРАЌАЕН СИСТЕМ

Состојба на планирана и реализирана улична мрежа во Скопје за 2010 год.

КАТЕГОРИЈА	ПЛАНИРАНИ	ИЗВЕДЕНИ	ПРОЦЕНТ
	(m^1)	(m^1)	(%)
Транзитни улици	50.409	17.340	34,40
Градски магистрали	74.192	37.878	51,05
Сервисни улици	86.578	62.972	72,73
ВКУПНО:	**211.179**	**118.190**	**55,97**

Проценет степен на моторизација по општините во Скопје за 2009 год.

Име на општина	Население во илјади	Број на патнички авт. во илјади	Степен на моторизација бр. на патнички авт./1000 жители
Аеродром	75,7	21,9	289
Бутел	38,0	9,1	239
Гази Баба	75,4	17,4	230
Ѓорче Петров	41,6	11,2	270
Карпош	60,2	18,9	313
Кисела Вода	60,2	17,1	283
Сарај	37,8	6,7	177
Центар	47,6	12,9	271
Чаир	68,1	10,3	152

Име на општина	Население во илјади	Број на патнички авт. во илјади	Степен на моторизација бр. на патнички авт./1000 жители
Шуто Оризари	23,2	0,7	30
Град Скопје	527,8	126,0	239

Извор: Податоци од анкетата на ИДОМ во 2009 год. и сопствени пресметки

Прогноза на степен на моторизација во Скопје за 2010 и 2020 год.

Година	Население	Патнички автомобили ПА (во илјади)	Жители / 1 ПА	Степен на моторизација ПА/1000 жители
2010	582,3	136,1	4,28	234
2020	614,4	156,5	3,92	255

Извор: Податоци од ГУП на Скопје 2001-2020

Преглед на магистрални улици 2012 и 2022 год.

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
1	градска магистрала	ул.Црногорска	А.03-С.23	526,33	30
2	градска магистрала	ул.Црногорска	С.23-С.24	1348,13	30
3	градска магистрала	ул.Црногорска	С.24-С.25	1284,92	30
4	градска магистрала	ул.Црногорска	С.25-С.04	1021,51	30
5	градска магистрала	ул.Словенечка	С.04-С.26	1669,26	50
6	градска магистрала	ул.Словенечка	С.26-В.03	2016,09	50
7	градска магистрала	ул.Словенечка	В.03-С.27	1384,60	40
8	градска магистрала	ул.Словенечка	С.27-С.28	423,01	40
9	градска магистрала	ул.Босна и Херцеговина	С.28-С.29	360,76	40
10	градска магистрала	ул.Босна и Херцеговина	С.29-С.30	873,27	40
11	градска магистрала	ул.Босна и Херцеговина	С.30-С.31	473,76	40
12	градска магистрала	ул.Хрватска	С.31-С.32	1035,90	30
13	градска магистрала	ул.Хрватска	С.32-С.33	1289,79	30
14	градска магистрала	ул.Хрватска	С.33-В.11	831,32	30
15	градска магистрала	Бул. Киро Глигоров (Војводина)	В.11-С.34	368,62	30
16	градска магистрала	Бул. Киро Глигоров (Војводина)	С.34-С.35	464,69	32
17	градска магистрала	Бул. Киро Глигоров (Војводина)	С.35-С.36	402,33	32
18	градска магистрала	Бул. Киро Глигоров (Војводина)	С.36-С.19	412,19	34
19	градска магистрала	Бул.Србија	С.19-С-37	795,32	50
20	градска магистрала	Бул.Србија	С.37-С.38	817,60	50
21	градска магистрала	Бул.Србија	С.38-В.33	450,17	50,5
22	градска магистрала	Бул.Србија	В.33-С.39	221,15	52
23	градска магистрала	Бул.Србија	С.39-С.40	1126,04	30
24	градска магистрала	Бул.Илинден	А.04-С.01А	816,23	32
25	градска магистрала	Бул.Илинден	С.01А-С.02	1905,11	32
26	градска магистрала	Бул.Илинден	С.02-С.03	1033,50	32
27	градска магистрала	Бул.Илинден	С.03-С.04	329,55	32
28	градска магистрала	Бул.Илинден	С.04-С.05	524,70	32
29	градска магистрала	Бул.Илинден	С.05-С.06	1334,75	32
30	градска магистрала	Бул.Илинден	С.06-С.07	574,69	40
31	градска магистрала	Бул.Илинден	С.07-С.08	1217,71	50
32	градска магистрала	Бул.Илинден	С.08-С.09	944,52	50
33	градска магистрала	Бул.Илинден	С.09-С.10	1013,31	50/21
34	градска магистрала	Бул.Илинден	С.10-С.11	256,02	47
35	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.11-С.12	210,65	40
36	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.12-С.13	518,59	40

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
37	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.13-С.14	180,96	50,5
38	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.14-В.15	584,61	50
39	градска магистрала	Бул.АСНОМ	В.15-С.15	254,18	50
40	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.15-С.16	785,63	32
41	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.16-С.17	238,12	32
42	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.17-С.18	388,44	31
43	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.18-С.19	827,75	60
44	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.19-С.20	922,90	60
45	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.20-С.21	1942,41	50
46	градска магистрала	Бул.АСНОМ	С.21-С.22	312,22	50
47	градска магистрала	ул.Сарај	С.42-С.23	234,04	25
48	градска магистрала	ул.Сарај	С.23-С.01	272,14	25
49	градска магистрала	ул.Сарај	С.01-В.21	2069,22	25
50	градска магистрала	Бул.Македонска Војска	С.25-С.45	209,60	30
51	градска магистрала	Бул.Македонска Војска	С.45-С.44	358,42	30
52	градска магистрала	Бул.Македонска Војска	С44-С44А	508,31	25
53	градска магистрала	Бул.Македонска Војска	С44А-В22	526,57	32
54	градска магистрала	Бул.Македонска Војска	В.22-С.43	48,17	раскрсн.
55	градска магистрала	Бул.8-ми Септември	В.04-С.08	1210,31	32
56	градска магистрала	Бул.8-ми Септември	С.08-С.46	587,24	52
57	градска магистрала	Бул.8-ми Септември	С.46-В.26	620,99	50
58	градска магистрала	Бул.М.Косовска Бригада	С.28-С.47	313,79	50
59	градска магистрала	Бул.М.Косовска Бригада	С.47-С.48	1118,29	50
60	градска магистрала	Бул.М.Косовска Бригада	С.48-В.06	471,11	40-50
61	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	В.06-С.49	229,41	50/20
62	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	С.49-С.50	194,64	20
63	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	С.50-С.10	645,86	20/40
64	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	С.10-С.51	288,71	36
65	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	С.51-С.52	322,05	38
66	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	С.52-С.53	227,36	39
67	градска магистрала	Бул.Св.Климент Охридски	С.53-В.28	78,80	раскрсн.
68	градска магистрала	ул.А.Попов (М.А.Ченто)	А.10-С.73	948,52	25
69	градска магистрала	ул.А.Попов (М.А.Ченто)	С.73-С.72	2002,29	25
70	градска магистрала	ул.А.Попов (М.А.Ченто)	С.72-С.71	801,40	25
71	градска магистрала	ул.А.Попов (М.А.Ченто)	С.71-В.12	528,20	25
72	градска магистрала	ул.15-ти Корпус	В.12-С.70	385,52	25
73	градска магистрала	ул.15-ти Корпус	С.70-С.34	992,71	25
74	градска магистрала	ул.Л.Трповски	С.57-С.58	829,01	25
75	градска магистрала	ул.Л.Трповски	С.58-С.59	509,10	25
76	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.60-А.08	277,73	40
77	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	А.08-С.59	220,75	40
78	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.59-С.61	876,79	40
79	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.61-С.62	518,03	40
80	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.62-С.31	296,85	40
81	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.31-С.63	361,26	40
82	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.63-С.64	552,93	36
83	градска магистрала	ул.Х.Т.Карпош	С.64-С.65	283,75	36
84	градска магистрала	ул.Цветан Димов	С.65-В.07	1099,84	36

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
85	градска магистрала	Бул.Крсте Мисирков	B.07-C.14	711,91	46
86	градска магистрала	Бул.Крсте Мисирков	C.14-C.66	504,22	44-50
87	градска магистрала	Бул.Кочо Рацин	C.66-C.67	365,44	41
88	градска магистрала	Бул.Кочо Рацин	C.67-C.68	257,86	31-33
89	градска магистрала	Бул.Кочо Рацин	C.68-C.69	208,39	35,5
90	градска магистрала	Бул.Кочо Рацин	C.69-B.29	121,56	раскрсн.
91	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	C.73-B.14	2113,55	25
92	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	B.14-C.74	715,19	25
93	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	C.74-C.75	386,53	25
94	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	C.75-C.76	904,67	25
95	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	C.76-C.22	1114,89	25
96	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	C.22-C.77	583,41	25
97	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	C.77-B.36	1716,88	25
98	градска магистрала	ул.Пролетна Офанзива	B.36-C.78	113,31	25
99	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.01-A.05	781,37	110
100	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	A.05-B.02	1808,63	65
101	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.02-B.03	2060,20	65
102	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.03-B.04	1035,19	65
103	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.04-B.05	1559,93	30
104	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.05-B.06	448,28	50
105	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.06-B.07	747,41	50
106	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.07-B.08	856,14	65
107	транзитна магистрала	Бул.Никола Карев	B.08-B.09	256,79	раскрсн.
108	транзитна магистрала	Бул.А.Македонски	B.09-B.10	720,25	65
109	транзитна магистрала	Бул.А.Македонски	B.10-B.11	869,04	65
110	транзитна магистрала	Бул.А.Македонски	B.11-B.12	1548,85	65
111	транзитна магистрала	Бул.А.Македонски	B.12-B.13	1089,25	65
112	транзитна магистрала	Бул.А.Македонски	B.13-B.14	1713,57	65
113	транзитна магистрала	Бул.А.Македонски	B.14-A.11	995,42	65
114	транзитна магистрала	Бул.Македонија	A.02-B.20	135,19	25
115	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.20-B.21	482,10	25
116	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.21-B.22	3708,01	25
117	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.22-B.23	1833,85	25
118	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.23-B.24	169,67	50
119	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.24-B.25	501,15	60
120	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.25-B.26	1232,99	60
121	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.26-B.27	678,43	78
122	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.27-B.28	1048,23	78
123	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.28-B.29	858,40	55
124	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.29-B.19	385,98	50
125	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.19-B.30	73,82	раскрсн.
126	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.30-B.31	389,36	50
127	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.31-B.32	769,61	40
128	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.32-B.33	1309,33	40
129	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.33-B.34	616,53	30
130	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.34-B.35	2055,29	60
131	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.35-B.36	596,55	45
132	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.36-B.37	1564,49	30

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
133	транзитна магистрала	Бул.Македонија	B.37-B.38	3941,96	30
134	транзитна магистрала	Бул.Крушевска Република	B.08-B.15	262,84	23
135	транзитна магистрала	Бул.Крушевска Република	B.15-B.16	603,48	23/55
136	транзитна магистрала	Бул.Крушевска Република	B.16-B.17	528,60	55
137	транзитна магистрала	Бул.Крушевска Република	B.17-B.18	292,58	33
138	транзитна магистрала	Бул.Крушевска Република	B.18-B.19	52,93	раскрсн.

Преглед на собирни улици 2012 и 2022 год.

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
1	собирна	Ѓорче Петров	C01 - D01A	1227,47	25
2	собирна	Ѓорче Петров	D01A - D01	151,35	25
3	собирна	Ѓорче Петров	D01 - C44	1306,19	25
4	собирна	Ѓорче Петров	C44 - D02	428,64	25
5	собирна	Војвода Васил Чакаларов (Циборовски)	D02 - D02A	839,94	30
6	собирна	Војвода Васил Чакаларов (Циборовски)	D02A - D04	282,67	30
7	собирна	Војвода Васил Чакаларов (Циборовски)	D04 - D05	292,41	30
8	собирна	Војвода Васил Чакаларов (Циборовски)	D05 - D09	168,73	30
9	собирна	Војвода Васил Чакаларов (Циборовски)	D09 - D12	502,57	30
10	собирна	Московска	D12 - D11	596,87	20
11	собирна	Партизански Одреди	C45 - D03	612,88	50
12	собирна	Партизански Одреди	D03 - D10	1254,04	50
13	собирна	Партизански Одреди	D10 - D11	638,82	50
14	собирна	Партизански Одреди	D11 - C46	1214,50	50
15	собирна	Партизански Одреди	C46 - D12	724,46	50
16	собирна	Партизански Одреди	D12 - C51	1045,12	40
17	собирна	Партизански Одреди	C51 - D13	233,04	50
18	собирна	Рузвелтова	C09 - D12	630,88	20
19	собирна	Рузвелтова	D12 - B27	620,43	20
20	собирна	ВМРО	D13 - C11	195,09	50-56
21	собирна	ВМРО	D13 - D14	252,46	29-57
22	собирна	Димитрија Чуповски	C52 - D14	255,51	26
23	собирна	Даме Груев	D14 - D15	729,00	22-37.5
24	собирна	Филип Втори Македонски (Војвода Васил Аџиларски)	D15 - D16	250,63	23
25	собирна	Филип Втори Македонски (Војвода Васил Аџиларски)	D16 - D17	131,03	23
26	собирна	Мирче Ацев	D16 - C67	256,36	27
27	собирна	Трета Македонска Бригада	C67 - B17	324,73	25
28	собирна	Трета Македонска Бригада	B17 - D20	195,05	41
29	собирна	Трета Македонска Бригада	D20 - D21	174,17	41
30	собирна	Трета Македонска Бригада	D21 - D29	783,60	41
31	собирна	Трета Македонска Бригада	D29 - D30	548,75	41
32	собирна	Трета Македонска Бригада	D30 - C38	792,14	41
33	собирна	12 Македонска Бригада	C38 - D32	744,78	53
34	собирна	12 Македонска Бригада	D32 - D33	545,50	53
35	собирна	Индустриска 2	D33 - D36	2288,91	25
36	собирна	Индустриска 2	D36 - C21	609,87	25

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
37	собирна	Индустриска 2	C21 - D37	1118,37	25
38	собирна	Перо Наков	D37 - D39	2287,08	25
39	собирна	Перо Наков	D39 - C35	1485,99	25
40	собирна	Индустриска 1	C76 - D37	254,19	25
41	собирна	Индустриска 1	D37 - D38	1785,74	25
42	собирна	Индустриска 1	D38 - C36	1153,59	25
43	собирна	Индустриска 1	C36 - C17	1233,41	25
44	собирна	Индустриска 1	C17 - D27	1368,61	20
45	собирна	Февруарски Поход	D32 - D34	822,50	25
46	собирна	Февруарски Поход	D34 - C20	804,79	25
47	собирна	Февруарски Поход	C20 - D38	673,43	25
48	собирна	Јане Сандански	D28 - D31	919,93	60
49	собирна	Јане Сандански	D31 - C37	946,01	60
50	собирна	Видое Смилевски Бато	C37 - D34	728,36	60
51	собирна	Видое Смилевски Бато	D34 - D35	1225,39	25
52	собирна	Видое Смилевски Бато	D35 - D36	603,15	25
53	собирна	Видое Смилевски Бато	D36 - C77	355,73	25
54	собирна	Васко Карангелевски	D30 - D31	892,82	22
55	собирна	Васко Карангелевски	D31 - C18	566,09	22
56	собирна	Благоја Стефковски	C70 - D40	1115,38	24
57	собирна	Благоја Стефковски	D40 - D41	1297,72	24
58	собирна	Благоја Стефковски	D41 - C75	535,18	24
59	собирна	Благоја Стефковски	C75 - D43	196,67	24
60	собирна	Маџари	D38 - D39	708,53	25
61	собирна	Маџари	D39 - D40	290,28	25
62	собирна	Маџари	D40 - B13	499,02	25
63	собирна	Маџари	B13 - C72	835,66	25
64	собирна	Маџари	C72 - D47	1508,51	25
65	собирна	Маџари	C62 - C62A	341,11	25
66	собирна	Маџари	C62A - D49	1321,04	25
67	собирна	Маџари	D49 - D46	1180,66	25
68	собирна	Маџари	D46 - D47	1398,10	25
69	собирна	Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ)	C41 - C40	1995,17	18
70	собирна	Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ)	C40 - D80	1035,20	20
71	собирна	Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ)	D80 - D81	493,94	25
72	собирна	Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ)	D81 - D82	306,28	25
73	собирна	Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ)	D82 - B30	333,82	25
74	собирна	Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ)	B30 - B18	83,41	25
75	собирна	11 ти Октомври	B18 - C68	410,59	30
76	собирна	11 ти Октомври	C68 - D15	263,99	30
77	собирна	Борис Трајковски (Првомајска)	B34 - C39	571,60	20
78	собирна	Борис Трајковски (Првомајска)	C39 - D79	1310,75	20
79	собирна	Борис Трајковски (Првомајска)	D79 - D81	614,63	20
80	собирна	Јустинијан - I (Драчевска)	B35 - C78	622,71	20
81	собирна	Јустинијан - I (Драчевска)	C78 - D93	1815,03	20
82	собирна	Јустинијан - I (Драчевска)	D93 - D95	3300,40	20

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
83	собирна	Народни херои		392,45	20
84	собирна	Народни херои	D80 - D79	357,15	20
85	собирна	Народни херои	D79 - B32	256,17	20
86	собирна	Народни херои	B32 - D29	413,89	20
87	собирна	Фрањо Клуз	D28 - D29	499,95	25
88	собирна	Димо Хаџи Димов		829,03	15
89	собирна	Антон Попов (Огњан Прица)	D83 - D84	620,30	17
90	собирна	Јордан Мијалков (Железничка)	D84 - C54	845,99	20
91	собирна	Св. Кирил и Методиј (М. Х. Јасмин)	C69 - C53	838,33	20
92	собирна	Св. Кирил и Методиј (М. Х. Јасмин)	C53 - D96	542,87	20
93	собирна	Мајка Тереза (Водњанска)	C54 - D85	669,38	24
94	собирна	Тодор Александров (Салвадор Аљенде)	D85 - D88	517,25	18
95	собирна	Јужна обиколница Водно	D88 - D91	917,71	18
96	собирна	Јужна обиколница Водно	D91 - C40	2529,64	11/18
97	собирна	Јужна обиколница Водно	D91 - D92	390,83	11
98	собирна	Љубљанска	D11 - C07	464,16	20
99	собирна	Љубљанска	C07 - C26	2239,76	20
100	собирна	А.Урдаревски	C30 - D53	297,22	18
101	собирна	А.Урдаревски	D53 - D55	809,86	18
102	собирна	А.Урдаревски	D55 - C57	794,19	18
103	собирна	А.Урдаревски	C57 - C56	1279,99	25
104	собирна	новопланирана	D59 – D63	3505,89	11
105	собирна	А.Урдаревски	A06 - C55	88,16	раскрсн.
106	собирна	Бутелска	D55 - C58	711,38	18
107	собирна	Бутелска	C58 - A07	163,84	23
108	собирна	Бутелска	A07 - D56	3709,37	18/23
109	собирна	Лепенец	C03 - D70	465,93	25
110	собирна	Лепенец	D70 - D71	492,49	25
111	собирна	Џон Кенеди	C48 - D74	403,13	25
112	собирна	Џон Кенеди	D74 - D75	591,02	25
113	собирна	Џон Кенеди	D75 - C65	182,62	25
114	собирна	Боца Иванова	D54 - D53	859,79	20
115	собирна	Боца Иванова	D53 - C62	533,89	20
116	собирна	Јужна обиколница	C43 - D08A	2007,17	11
117	собирна	Јужна обиколница	D08A - D89	2915,35	11
118	собирна	Јужна обиколница	D89 - D88	1600,45	11
119	собирна	Јужна обиколница	D89 - D90	758,76	11
120	собирна	Јужна обиколница	D90 - B26	859,83	ное.17
121	собирна	Јужна обиколница	D90 - D07	2057,67	11
122	собирна	Пат Горно Нерези	D07 - D06	248,83	11
123	собирна	Пат Горно Нерези	D07 - D08A	1387,39	11
124	собирна	Борис Кидрич	D21 - D23	516,07	25
125	собирна	Борис Кидрич	D23 - D25	438,56	16/23
126	собирна	Филип Втори Македонски (Стив Наумов)	D17 - C13	459,81	23/36
127	собирна	Подземен премин - плоштад	C11 - D17	809,10	21
128	собирна	Есенинова	D83 - D82	327,62	18

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
129	собирна	Есенинова	D82 - B31	204,00	18
130	собирна	Есенинова	B31 - D20	413,10	18
131	собирна	Никола Карев	D20 - D22	532,38	25
132	собирна	Никола Карев	D22 - D24	119,83	25
133	собирна	Никола Карев	D24 - D26	366,89	25
134	собирна	Никола Карев	D26 - D27	78,96	25
135	собирна	Беласица	D27 - C15	113,82	35
136	собирна	Беласица	C15 - B09	309,44	35
139	собирна	16та Македонска бригада	C16 - D78	369,18	25
140	собирна	16та Македонска бригада	D78 - B10	125,33	25
141	собирна	16та Македонска бригада	B10 - D77	364,27	25
142	собирна	16та Македонска бригада	D77 - C33	500,50	25
143	собирна	Лазо Трповски	C57 - D54	1391,32	16
144	собирна	Лазо Трповски	D54 - C29	408,48	26
145	собирна	Индира Ганди (Шуто Оризари)	C28 - D58	2381,14	20
146	собирна	Индира Ганди (Шуто Оризари)	D58 - D59	154,74	20
147	собирна	Индира Ганди (Шуто Оризари)	D59 - D60	708,85	20
148	собирна	Лука Геров	C25 - D71	351,00	30
149	собирна	Лука Геров	D71 - D66B	1306,69	15
150	собирна	Лука Геров	D66B - D67	736,70	15
151	собирна	Подземен премин под Плоштад	D17 - C66	323,91	21
152	собирна	Кузман Јосифовски Питу	C66 - B16	251,79	53
153	собирна	Кузман Јосифовски Питу	B16 - D22	223,83	60
154	собирна	Кузман Јосифовски Питу	D22 - D23	188,74	38
155	собирна	Кузман Јосифовски Питу	D23 - D28	495,03	60
156	собирна	Сремски фронт	C24 - D01	590,82	11
157	собирна	Шарпланинска	D70 - D66D	805,39	25
158	собирна	Шарпланинска	D66D - D66	333,00	25
159	собирна	Шарпланинска	D66 - D66A	166,69	25
160	собирна	Шарпланинска	D66A - D67	512,95	25
161	собирна	Шарпланинска	D67 - D68	155,96	25
162	собирна	Новопланирана собирна улица 1	C71 - D48	1572,69	25
163	собирна	Новопланирана собирна улица 1	D48 - D49	2399,02	25
164	собирна	Новопланирана собирна улица 1	D49 - D50	378,25	25
165	собирна	Новопланирана собирна улица 2	D33 - D35	952,35	20
166	собирна	Новопланирана собирна улица 3	C64 - D76	232,08	25
167	собирна	Новопланирана собирна улица 3	D76 - C32	800,01	25
168	собирна	Новопланирана собирна улица 5	D94 - D93	343,71	25
169	собирна	Новопланирана собирна улица 5	D93 - B37	1494,68	25
170	собирна	Новопланирана собирна улица 6	D41 - C74	619,37	24
171	собирна	Новопланирана собирна улица 6	C74 - D42	1560,56	24
172	собирна	Новопланирана собирна улица 7	D47 - D48	982,55	25
173	собирна	Новопланирана собирна улица 8	C62A - D51	1214,53	11
174	собирна	Новопланирана собирна улица 8	D51 - D52	256,28	11
175	собирна	Новопланирана собирна улица 9	D51 - D50	885,71	25
176	собирна	Новопланирана собирна улица 9	D45 - D50	1393,31	25

Ред број	Тип на улица	Име на улица	од - до	Должина	Ширина
177	собирна	Новопланирана собирна улица 10	D45 - D46	1043,40	25
178	собирна	Новопланирана собирна улица 10	D45 - A09	107,20	25
179	собирна	Новопланирана собирна улица 10	A09 - D44	330,16	25
180	собирна	Новопланирана собирна улица 11	D54 - D57	1986,77	11
181	собирна	Новопланирана собирна улица 11	D57 - D58	426,82	11
182	собирна	Новопланирана собирна улица 12	C56 - D57	361,17	11
183	собирна	Новопланирана собирна улица 13	C27 - D64	2363,15	20
184	собирна	Новопланирана собирна улица 13	D64 - B02	1361,07	20
185	собирна	Новопланирана собирна улица 13	B02 - D65	1268,09	20
186	собирна	Новопланирана собирна улица 13	D65 - C26	1041,10	20
187	собирна	Новопланирана собирна улица 14	D61 - D62	435,83	11
188	собирна	Новопланирана собирна улица 14	D62 - D63	625,36	11
189	собирна	Новопланирана собирна улица 14	D63 - D64	309,84	11
190	собирна	Новопланирана собирна улица 15	D65 - C02	1866,30	20
191	собирна	Новопланирана собирна улица 15	C02 - D66D	983,65	20
192	собирна	Новопланирана собирна улица 17	D69 - D68	1291,28	15-16
193	собирна	Новопланирана собирна улица 17	D68 - C01	3608,87	15-16
194	собирна	Новопланирана собирна улица 18	D66C - D66B	1534,60	20
195	собирна	Тиранска	D66B - D66A	264,20	20
196	собирна	Ацо Шопов	D02 - D03	191,37	40
197	собирна	Ацо Шопов	D03 - C05	706,32	25
198	собирна	Новопланирана собирна улица 21	D62 - D63	2880,60	11
199	собирна	Новопланирана собирна улица 21	D62 - D59	644,44	11
200	собирна	2ра Македонска Бригада	C47 - C63	1560,27	20
201	собирна	Веле Марков	D02A - C44A	1257,76	20
202	собирна	А.Демниевски / Сремски фронт	C44A - D01A	1929,00	20
203	собирна	2-ра Македонска Бригада	C47-D72	319.20	20
204	собирна	2-ра Македонска Бригада	D72-D73	798.32	20
205	собирна	2-ра Македонска Бригада	D43-C63	442.00	20
206	собирна	1603	D66C- C24	709.00	20
207	собирна	Братфордска	D90 – D26	859,82.00	11/17

Поврзување со мрежата на државните патишта на следните сообраќајници:

1. Автопатот, Обиколница на Град Скопје А-4 (Клучка “Хиподром” - Клучка “Стенковец”), Автопатот А-2 (Клучка “Хиподром” - Клучка “Миладиновци”) и Автопатот А-4 (Клучка “Хиподром” - Клучка “Катланово”) на Исток се поврзуваат со градската сообраќајна мрежа преку булеварот Александар Македонски.
2. Магистралниот пат А-4 (Клучка “Стенковец” - Граница со Косово) на Северозапад и Автопатот А-2 (Клучка “Стенковец” - Клучка “Сарај”) кон Запад се поврзуваат со градската сообраќајна мрежа преку преку булеварот Никола Карев.
3. Автопатот А-2 (Клучка “Сарај” - Тетово - Струга - Ќафасан) на Запад се поврзуваат со градската сообраќајна мрежа преку преку булеварот Црногорска.
4. Регионалниот пат Р-1104 (Скопје - Куманово) на Исток од Градот директно се поврзува со магистралната улица Методи Антонов Ченто.
5. Регионален пат Р-1102 (Скопје - Велес - Гевгелија) на Исток од Градот директно се поврзува со собирната улица Катлановска.
6. Регионален пат Р-1106 (Јурумлари - Драчево – Нова Брезница - Суводол) на Исток од Градот се поврзува со регионалниот пат Р-1102.

7. Регионалниот пат Р-2134 (Драчево - Сопиште - Говрлево - врска со Р-1106) на Исток од Градот директно се поврзува со транзитната магистрална улица Македонија.
8. Регионалниот пат Р-2138 (врска со Р-2134 - Сончев Град - Водно - Нерези).
9. Регионалниот пат Р-1206 (Клучка "Матка" - Тетово - Гостивар) на Запад од Градот директно се поврзува со транзитната магистрална улица Македонија.
10. Регионалниот пат Р-2234 (Клучка "Сарај" - Јегуновце - Теарце) на Запад од Градот директно се поврзува со грдската магистрална улица Црногорска.
11. Општинскиот пат О-1 за Матка се поврзува од Градската магистрала Сарај
12. Општинскиот пат О-2 за Чичино Село се поврзува од Градската магистрала Сарај
13. Општинскиот пат О-3 за Горно Нерези се поврзува од сервисната улица Козле
14. Општинскиот пат О-4 за Водно се поврзува од собирната улица Салвадор Аљенде
15. Општинскиот пат О-5 за Сопиште се поврзува од собирната улица Сава Ковачевиќ
16. Општинскиот пат О-6 за Батинци се поврзува од собирната улица Првомајска
17. Општинскиот пат О-7 за Китка се поврзува од улицата Драчевска
18. Општинскиот пат О-8 за Долно Лисиче се поврзува од улицата Горно Лисиче
19. Општинскиот пат О-9 за Илинден се поврзува од улицата Катлановска
20. Општинскиот пат О-10 за Црешево се поврзува од магистралната улица Методија Андонов - Ченто и улицта Алија Авдовиќ
21. Општинскиот пат О-11 за Смилковци се поврзува од улицата Алија Авдовиќ
22. Општинскиот пат О-12 за Смилковци се поврзува од новопланираната улицата
23. Општинскиот пат О-13 за Раштак се поврзува од улицата Христијан Тодоровски Карпош
